**С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**17.03.2015 год.** **Бр.III**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите***
***донесени на 32-та седница***
***на Советот на Општина Крушево***
***одржана на ден 16.03.2015 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 32-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 16.03.2015 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-295/1 од 17.03.2015 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на триесет и втората седница, одржана на 16.03.2015 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 31-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 26.02.2015 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-267/3 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за утврдување на приоритет за набавка на специјализирани повеќенаменски комунални возила***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за набавка на специјализирани повеќенаменски комунални возила (возило за собирање на отпад и повеќенаманско комунално возило).

**Член 2**

Општина Крушево ја утврдува како приоритет набавката на специјализирани повеќенаменски комунални возила (возило за собирање на отпад и повеќенаманско комунално возило), за да може да се аплицира за средствата од ЕУ ИПА-грантот за рурална инфраструктура.

**Член 3**

Реализацијата на овој Проект ќе ја води Министерството за финансии на Р.Македонија - Проект за подобрување на општинските услуги и Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-267/4 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 12 од Законот за конунални дејности ( “Сл. Весник на РМ “ бр. 95/12) и член 21 став 1 точка 21 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 16.03.2015 година донесе:

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

## О Д Л У К А Т А
**за комунален ред и мерки за нејзино спроведување**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување бр. 07-997/10 од 19.12.2013 и тоа во член 72 став 1 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2 која гласи:

- Се забранува во текот на зимскиот период на јавни и сообраќајни површини граѓаните да фрлаат снег од дворовите со што го оневозможуваат нормалното движење како на пешаците така и на сообраќајот.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-267/5 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, донесе:

## О Д Л У К А
***за утврдување на приоритет за изградба-реконструкција на постојни улици во н.м. Врбоец-Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за изградба-реконструкција на
постојни улици во н.м. Врбоец-Општина Крушево.

**Член 2**

Општина Крушево ја утврдува како приоритет изградбата-реконструкцијата на постојни улици во н.м. Врбоец-Општина Крушево, за да може да се аплицира за средствата од ЕУ ИПА-грантот за рурална инфраструктура.

**Член 3**

Реализацијата на овој Проект ќе ја води Министерството за финансии на Р.Македонија - Проект за подобрување на општинските услуги и Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-267/6 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, донесе:

## О Д Л У К А
***за утврдување на приоритет за набавка на машина за конструкција-ровокопач, натоварувач***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за набавка на машина за конструкција-ровокопач, натоварувач.

**Член 2**

Општина Крушево ја утврдува како приоритет набавката на машина за конструкција-ровокопач, натоварувач, за да може да се аплицира за средствата од ЕУ ИПА-грантот за рурална инфраструктура.

**Член 3**

Реализацијата на овој Проект ќе ја води Министерството за финансии на Р.Македонија - Проект за подобрување на општинските услуги и Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-267/7 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 и 25/15) и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014),

Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишната сметка на ЈП "Комуна" Крушево за 2014 година***

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува Годишната сметка на ЈП "Комуна" Крушево за 2014 година, бр.05-29/1 од 02.03.2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-267/9 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 и 25/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2014 година***

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува извештајот за реализација на програмата за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2014 година, бр.01-15/2 од 20.02.2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-267/10 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 и 25/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2015 година***

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2015 година, бр.05-29/2 од 02.03.2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-267/11 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 и 25/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на програмата за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2015 година***

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува програмата за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2015 година, бр.01-15/1 од 20.02.2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-267/12 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, 11 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 39 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Елаборатот за извршениот попис за 2014 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за извршениот попис на основните средства и опремата во Единицата на локална самоуправа на Општина Крушево за 2014 година, од страна на пописната комисија, со сите документи за попис и пописен материјал.

2. Пописната комисија утврди дека основните средства, ситниот инвентар се во исправна состојба и на лице место.

Извршен е попис и на паричните средства и на благајната и се утврди дека се слагаат со изводот од трезорот.

Извршен е попис и на побарувањата и обврските до 31.12.2014 година.

3. Се предлага отпис на ситен инвентар и опрема кои се во неисправана состојба.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-267/13 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09 и 47/11), член 27 од Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници (“Службен весник на РМ” бр. 61/02; 98/02; 81/05 и 24/11) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2014 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-267/14 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4, 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2014 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-267/15 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 3 и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 16.03.2015 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Стратегија за локален економски развој на Општина Крушево за период 2015-2021 год.***

1.Советот на Општина Крушево ја усвојува Стратегијата за лакален економски развој на Општина Крушево за период 2015-2021 година, бр.29-265/1 од 09.03.2015 година, изработена од Општина Крушево.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-267/16 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување (пречистен текст) ("Сл.весник на Р.М." бр.93/12) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 16.03.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Крушево***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Крушево бр.01-266/1 од 09.03.2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Со влегувањето во сила на овој заклучок, Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Крушево се смета за донесена.

**Бр.08-267/17 од 16.03.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 31-та седница на Советот на Општина Крушево ............................................................................. 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 30-та седница на Советот на Општина Крушево ............................................................................. 1
3. Одлука за утврдување на приоритет за набавка на специјализирани повеќенаменски комунални возила .............................................
4. Измени и дополнувања на одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување ....................................................................
5. Одлука за утврдување на приоритет за изградба-реконструкција на постојни улици во н.м. Врбоец Општина Крушево ........................
6. Одлука за утврдување на приоритет за набавка на машина за конструкција-ровокопач, натоварач ........................................................
7. Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2015 година .................
8. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈП „Комуна" Крушево за 2014 година .........
9. Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на ЈП „Комуна" Крушево за 2014 година ..................
10. Заклучок за усвојување на финансискиот План на ЈП „Комуна" Крушево за 2015 година ..............................................................................
11. Заклучок за усвојување на програмата за работа на ЈП „Комуна" Крушево за 2015 година ..............................................................................
12. Заклучок за усвојување на елаборатот за извршениот попис за 2014 година ......................
13. Заклучок за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2014 година ......................................................
14. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2014 година ....................
15. Заклучок за усвојување на Стратегијата за локален економски развој на Општина Крушево за период-2015-2021 година .................
16. Заклучок за усвојување на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Крушево ...

Редакциски одбор на Општина Крушево.